Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 14.10.2024

На 13.10.2024 во 17.15 часот на ул.„Кордон" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Е.Р.(41) од Прилеп. Тој бил затекнат при извршување на кражба на предмети од кругот на приватна фирма. Предметите биле одземени и ќе бидат вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот, против Е.Р. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.10.2024 во близина на Неготино, полициски службеници од Мобилната единица за компензаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции запреле и извршиле контрола на автобус „мак" со турски национални ознаки, сопственост на правно лице од Република Турција, а управуван од турски државјанин. По контрола над багажот на патниците во автобусот, кај лицето К.Г.(49) од Република Турција биле пронајдени 30 штеки цигари. Бидејќи станува збор за царински прекршок, известена е екипа на Мобилна царина за понатамошна постапка.

На 13.10.2024 во 23.50 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.М.(24) од Битола затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.10.2024 во 11.50 часот во с.Матка, општина Сарај, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(38) од Струмица затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.10.2024 во 16.50 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Г.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.10.2024 во 16.10 часот во Скопје, на клучката „Радишани", полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода Е.К.(19) од Скопје затоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.10.2024 во 16.10 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода И.И.(40) од скопско, затоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.10.2024 во 12.00 и во 13.30 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје привеле двајца малолетници од Скопје затоа што кај нив биле пронајдени и одземени околу 50 куршуми калибар 9 мм и нож. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 13.10.2024 во 13.10 часот во СВР Тетово било пријавено дека во шумскиот предел во атарот на с.Ѓермо, тетовско, И.И.(38) од с.Ѓермо пронашол две неексплодирани рачни бомби – кашикари, покриени со листа и земја. Полициски службеници од СВР Тетово извршиле увид, а по наредба на јавен обвинител бомбите биле подигнати од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување за натамошна постапка.

На 12.10.2024 во 15.06 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Александар Македонски" во Скопје, патничко возило удрило во пешакот Ј.Ф.(53) од село Горно Коњари, скопско, по што возачот со возилото го напуштил местото на настанот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2024 во 13.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на пешачка патека на бул.„Јане Сандански" во Скопје, електричен тротинет, управуван од С.К.(53) од Скопје, удрил во пешак. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на тротинетот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". За настанот бил известен јавен обвинител. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 13.10.2024 во 09.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Ј.А.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Методија Андонов Ченто" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 13.10.2024 во 12.00 часот во Полициската станица Чаир, Ж.З.(53) од Скопје пријавил дека на бул.„Босна и Херцеговина" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 13.10.2024 во 13.20 часот во Полициската станица Драчево, М.Т.(33) од Скопје пријавил дека на ул.„Антон Димитров" во Скопје, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 13.10.2024 во 03 часот во угостителски објект на булевар „Железничка" во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид го привеле М.Т.(36) од Куманово затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.10.2024 во 10.20 часот, полициски службеници од ОВР Гостивар го привеле С.Р.(61) од Гостивар, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. Тој е предаден во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 14.10.2024 во 02.00 часот во с.Мралино, општина Илинден, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(19) од с.Мралино затоа што физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија, а исто така, претходно не застанал на знак за запирање даден од полициски службеници. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 13.10.2024 во 21.15 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го привеле Г.Д.(51) од Скопје затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.10.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачјето на Кисела Вода бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Н.(44) и М.Ј.(40), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.10.2024 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Драчево бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.Р.Е.(39) и С.А.(53), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.10.2024 во 17.54 часот во СВР Скопје, Д.Г.(20) од Скопје пријавил дека околу 01.00 часот на подрачјето на Центар, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.10.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје, Д.Ѓ.(20) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот во двор од камп за бездомници во с.Визбегово, скопско, по претходно нарушени меѓусебни односи, бил физички нападнат од Л.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.10.2024 во 09.35 часот во СВР Скопје, З.Т.(62) од Скопје пријавил дека во периодот од 00.00 до 09.30 часот во неговиот угостителски објект на подрачјето на Ѓорче Петров била опожарена една маса. Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

На 13.10.2024 во 17.58 часот во СВР Скопје, А.Ј.(24) од с.Арачиново, скопско пријавил дека околу 17.37 часот на подрачјето на Бит Пазар, едно лице со употреба на физичка сила му го одзело мобилниот телефон, откако претходно бине договорени да се најдат за купопродажба на телефонот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.10.2024 во 10.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 12.10.2024 околу 21.30 часот во плац на приватна фирма на подрачјето на Кисела Вода во Скопје, едно лице физички го нападнало чуварот и одзело повеќе предмети. Се преземаат мерки за расчистување на сличајот.

На 13.10.2024 во 02.30 часот во Полициската станица Чаир од СОС Детско Село–Скопје било пријавено дека од установата се оддалечила нивната штитеничка М.П.(17), која и претходно се оддалечувала и била враќана. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 13.10.2024 во 13.09 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје било пријавено дека кај нив за укажување помош дошла О.К.(46) од Скопје, која околу 12.30 часот во населба Пинтија била касната од куче, кое имало сопственик.

На 13.10.2024 во 23.20 часот во СВР Битола, Е.К.(37) од Битола пријавила дека на ул. „Карпош" била касната од куче скитник.

На 13.10.2024 во 08.00 часот во ОВР Крива Паланка, М.М.(70) пријавил дека на улица „Коце Металец" во Крива Паланка бил каснат од куче скитник.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против С.С.(62) од Злетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда". На 16.08.2024, пријавениот физички ја нападнал неговата сопруга, при што употребил и тврд предмет.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.И.(41) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 08.10.2024 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.И.(29) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурзори". На 08.10.2024 на ул.„Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници запреле патничко возило во кое совозач беше Ф.М., кој од прозор фрлил марихуана, која била пронајдена, а која претходно ја набавил од пријавениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против О.Л.(47) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 06.08.2024, лице од Злетово пријавило дека по склучен договор кај нотар за купопродажба на возило „тојота", сопственост на пријавениот, започнал постапка за промена на регистарските таблички во станица за технички преглед, при што било констатитирано дека возилото нема број на шасија.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Б.Б.(22) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување на кривично дело". На 31.08.2024, пријавениот во ОВР Дебар лажно пријавил дека, додека на патот Дебар - Струга се движел со патничко возило „фиат добло", сопственост на брза пошта од Скопје, бил пресретнат од друго возило од кое излегле неколку лица и со употреба на физичка сила му одзеле пари од дневниот промет на поштата.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет